**З А П И С Н И К**
**од Сто четириесет и осмата седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 3 февруари 2026 година**

**Скопје, февруари 2026 година**

**З А П И С Н И К**
**од Сто четириесет и осмата седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 3 февруари 2026 година**

Седницата започна во 12:25 часот.

На седницата претседаваше проф. д-р Христијан Мицкоски, претседател на Владата на Република Северна Македонија.

На седницата присуствуваа Александар Николоски, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија и министер за транспорт, Љупчо Димовски, заменик на

претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за политички систем, Иван Стоилковиќ, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија и министер за односи меѓу заедниците, Арбен Фетаи, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за политики на добро владеење, членовите на Владата, м-р Бесар Дурмиши, министер за економија и труд, м-р Сања Божиновска, министер за енергетика, рударство и минерални суровини, Цветан Трипуновски, министер за земјоделство, шумарство и водостопанство, проф. д-р Весна Јаневска, министер за образование и наука, Зоран Љутков, министер за култура и туризам, Горан Минчев, министер за јавна администрација, Муамет Хоџа, министер за животна средина и просторно планирање, Борко Ристовски, министер за спорт и д-р Шабан Салиу, министер без ресор, задолжен за интеграција и имплементација на Стратегијата за инклузија на Ромите 2022-2030, како и заменикот на генералниот секретар на Владата на Република Северна Македонија, м-р Хасим Муртезани.

На седницата присуствуваше и д-р Оливера Нечовска, секретар на Секретаријатот за законодавство.

Покрај членовите на Владата, на седницата присуствуваа и д-р Астрит Исени, заменик на министерот за внатрешни работи, м-р Ален Деребан, заменик на министерот за правда, м-р Зоран Димитровски, заменик на министерот за надворешни работи и надворешна трговија, д-р Викторија Трајков, заменик на министерот за европски прашања, Ѓоко Велковски, заменик на министерот за социјална политика, демографија и млади, м-р Ерџан Селими, заменик на министерот  за локална самоуправа, м-р Радослав Настасијевиќ Варџиски, заменик на министерот за дигитална трансформација, д-р Лазе Јаќимоски, заменик на министерот за јавна администрација и д-р Калтрина Зеколи Шаќири, заменик на министерот за транспорт.

На седницата присуствуваа и Марија Митева и Венера Љатифи Азизи, портпароли на Владата на Република Северна Македонија и м-р Димитар Димовски, секретар за јавни политики, координација и следење на Програмата на Владата и на други стратешки планови, проекти и инвестиции поврзани со приоритетите на претседателот на Владата, како и Методија Ристоски, нотар.

Од седницата отсуствуваа Беким Сали, прв заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија и министер за европски прашања, м-р Владо Мисајловски, министер за одбрана, Панче Тошковски, министер за внатрешни работи, Игор Филков, министер за правда, д-р Тимчо Муцунски, министер за надворешни работи и надворешна трговија, м-р Гордана Димитриеска Кочоска, министер за финансии, д-р Азир Алиу, министер за здравство, Фатмир Лимани, министер за социјална политика, демографија и млади, м-р Златко Перински, министер за локална самоуправа, м-р Стефан Андоновски, министер за дигитална трансформација и генералниот секретар на Владата на Република Северна Македонија, Игор Јанушев.

*

*   *

Врз основа на Предлогот на дневниот ред и предлозите што беа поднесени на седницата, Владата го утврди следниов

**ДНЕВЕН РЕД**

-Усвојување на Записникот од Сто четириесет и седмата (тематска) седница на Владата на

Република Северна Македонија, одржана на 27 јануари 2026 година

1. Предлог - програма за работа на Владата на Република Северна Македонија за 2026 година

2. Известување од Собранието на Република Северна Македонија, за доставени пријави од пет кандидати по Одлуката за огласување на именување на јавен обвинител на Република Северна Македонија („Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 5/2026), со пријави и пропратни документи

3. Конечни извештаи за извршена ревизија на финансиски извештаи и ревизија на усогласеност за 2024 година на Фондот за иновации и технолошки развој (Сметка на основен буџет (603) и Сметка на буџет од самофинансирачки активности (787))

4. Информација за Годишната програма за изградба, реконструкција, рехабилитација, одржување и заштита на државните патишта за 2026 година, со Предлог – одлука

5. Информација во врска со спроведување на постапка за доделување на договор за јавна набавка за ревизија на Годишната сметка и финансиските извештаи за 2025 година со состојба 31.12.2025 година и ревизија на Годишната сметка и финансиските извештаи за 2026 година со состојба 31.12.2026 година на Акционерското друштво за изградба и стопанисување со станбен простор и со деловен простор од значење за Републиката-Скопје, со прилози и со Предлог-одлука

6. Информација во врска со неконтролираниот ископ на песок, чакал и камен од речното корито на реката „Вардар" во атарот на с. Ногаевци, Општина Градско, со кој се поткопуваат темелите на мостот кој се наоѓа во непосредна близина и со истото се доведува во прашање стабилноста на мостот

7. Информација во врска со проблемите со кои се соочуваат жителите на Општина Градско, поради истекување на амонијак од базените на биогасната централа, со дополнување

8. Информација за зголемување на основната главнина на Трговското друштво Нафтовод ДООЕЛ Скопје, изменување на Изјавата основање на Трговското друштво „Нафтовод" ДООЕЛ Скопје и Изјава за преземање нов влог, со дополнување и предлог-одлуки

9. Тарифник за изменување и дополнување на Тарифникот за висината на надоместокот за користење и увид на податоците од геодетско-катастарскиот информационен систем, како и за издавање на овластување за изработка на картографски производи и за висината на надоместокот за издавање на согласност за ставање во употреба на картографскиот производ, со Предлог-одлука

10. Бизнис - план на Јавното претпријатие за железничка инфраструктура Железници на Република Северна Македонија - Скопје за 2026 година, со Предлог-одлука

11. Предлог-одлука за запишување на правото на сопственост на недвижна ствар во корист на Република Северна Македонија во Катастарот на недвижности (03-1107/1)

12. Предлог - одлука за запишување на правото на сопственост на недвижни ствари во корист на Република Северна Македонија во Катастарот на недвижности (ДП бр.03-1238/1)

13. Предлог-одлука за избор на овластен ревизор за ревизија на Годишната сметка и финансиските извештаи за 2025 година на Акционерското друштво „Медиумска информативна агенција“ - Скопје, во државна сопственост

14. Предлог - одлука за давање согласност на Одлуката за отстапување на одземени предмети со правосилни одлуки на Општина Гостивар

15. Известување за преземените активности во врска со Одлука за изменување на Одлуката за одобрување на продолжување на рокот за постоење на кризна состојба на дел од територијата на Република Северна Македонија заради висок ризик од зголемен обем на влез и транзитирање на мигранти низ територијата на Република Северна Македонија, за период од 22 јануари 2026 година до 28 јануари 2026 година

16. Известување за активностите поврзани со кризната состојба на дел од територијата на Република Северна Македонија и тоа на подрачјето на Општината Гази Баба на кое Казнено-поправната установа Казнено-поправен дом Идризово ја врши својата надлежност, заради спречување на безбедносните закани и зајакнување на обезбедувањето на установата за период од 22 јануари 2026 година до 28 јануари 2026 година

17. Информација за потребата од донесување на Одлука за продажба на движна ствар - патничко моторно возило и Одлука за продажба на движна ствар - патничко моторно возило за старо железо, со предлог-одлуки

18. Информација за потпишување на Меморандум за разбирање помеѓу Министерството за енергетика, рударство и минерални суровини на Република Северна Македонија и Министерството за економија на Република Хрватска, со усогласен текст на Меморандумот

19. Информација во врска со извршената евалуација од Јавниот повик за доделување на концесија за детални геолошки истражувања на минерална суровина - кварц на локалитетот „Марул“, Општина Прилеп 7/2023 („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 221/23), со Предлог – одлука

20. Предлог за поведување постапка за водење на преговори за склучување на Нацрт - договор меѓу Владата на Република Северна Македонија и Советот на министри на Република Албанија за основање и функционирање на Центар за полициска и царинска соработка, со текст на Нацрт-договор

21. Информација за потпишување на Меморандум за разбирање во врска со соработката во областа на контрола на вооружувањето, со усогласен текст на Меморандум

22. Информација за потпишување на договор за набавка на војнички чизми помеѓу Министерството за одбрана на Република Северна Македонија и АД ЈАКУПОГЛУ, во рамки на Договорот за воено - финансиска соработка, потпишан помеѓу Владата на Република Турција и Владата на Република Северна Македонија, со текст на Договор

23. Информација со статистички податоци за кривични предмети од областа корупција за 2024 година

24. Предлог – одлука за условите за распределба и користење на средства за финансирање на програмските активности на здруженија и фондации од Буџетот на Република Северна Македонија за 2026 година

25. Предлог-решение за назначување на претседавач, заменик - претседавач, членови, заменици на членовите, секретар и заменик - секретар на Меѓуресорско тело за координација на активностите против корупцијата

26. Информација за текот на активности во врска со Физибилити студијата за воспоставување на примарен владин податочен центар и инфраструктура за пресметување во облак

27. Предлог-одлука за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Министерство за спорт

28. Предлог-одлука за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Министерство за спорт (десет компјутери со тастатура и глувче и десет монитори)

29. Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за прекршоците, по скратена постапка, поднесен од група пратеници

30. Предлог на законот за изменување на Законот за игрите на среќа и за забавните игри, по скратена постапка, поднесен од група пратеници

31. Иницијатива од Александар Михајлоски, адвокат од Скопје, доставена до Уставниот суд на Република Северна Македонија, под У.бр.167/2025 за поведување постапка за оценување на уставноста на член 2 од Законот за изменување и дополнување на Законот за постапување со бесправно изградени објекти („Службен весник на Република Македонија" бр. 217/15)

32. Решение на Уставниот суд на Република Северна Македонија, У.бр.37/2025 од 19 ноември 2025 година, за поведување постапка за оценување на уставноста на член 54 став (1) во делот „2024 година 10%", став (2) во делот „2024 година 8%" и член 59 став (1) од Законот за минимален глобален данок на добивка („Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 3/25)

33. Понуда од нотар Анита Велиновски од Крива Паланка, за продажба на недвижен имот запишан во Имотен лист бр.214, за КО Љубинци, на КП бр.567/1 и КП бр. 567/2 викано место/улица „Цепеник"

34. Понуда од нотар Дејан Павлоски од Скопје, за продажба на недвижен имот запишан во Имотен лист бр.28485, за КО Сингелиќ - 1, на КП бр.4146/26, викано место/улица „А.Попов" и Имотен лист бр.23446, за КО Сингелиќ - 1, на КП бр.4146/29, викано место/улица „А.Попов"

35. Информација за примена на Законот за медијација

36. Информација за статусот на алатката „Е-инспектор" во однос на нејзиното преземање, функционалност, евентуално надградување, како и за можноста за соодветни законски измени, со цел истата задолжително да се користи од страна на сите инспекциски служби

37. Информација за степенот на реализација на усвоените заклучоци по Информацијата за степенот на спроведување на Стратегијата за транспарентност (2023-2026) од страна на Владата, министерствата и 20 владини институции, со прилози

38. Информација за Годишниот извештај за спроведени активности од страна на министерот без ресор, задолжен за интеграција и имплементација на Стратегијата за инклузија на Ромите 2022-2030, со извештаи

39. Информација за начинот на функционирање на порталот „Портал - пресуди од даночни и царински спорови“ со статистички податоци, за бројот на објавени одлуки и посетеност на истиот, за 2025 година

40. Конечни извештаи за извршена ревизија на финансиски извештаи и ревизија на усогласеност за 2024 година на Министерството за економија и труд Сметка на основен буџет (631) и Сметка на основен буџет (637),

41. Конечен извештај за извршена ревизија на успешност на тема „Урбанистичкото планирање на зелената инфраструктура во градовите“

42. Информација за работење на Друштвото Нафтовод ДООЕЛ Скопје, во првото тримесечје на деловната 2025 година

43. Кадровски прашања

44. Прашања и предлози

45. Информација за Стратегија за изменување и дополнување на Националната стратегија за земјоделството и руралниот развој за периодот 2021 -2027 година, со Предлог – стратегија

46. Информација за формирање на Колегиум на директори на државни инспекторати

47. Предлог-уредба за поблиските критериуми за остварување на правото на додаток на плата и за начинот на утврдување на висината на додатокот на плата за ЕУ и ИПА структурите

48. Информација за потребата од потпишување на Спогодба помеѓу Владата на Република Северна Македонија и Владата на Француската Република која се однесува на француските воени гробници и воени комеморативни споменици во Република Северна Македонија, со текст на Спогодба

*

*          *

Владата без забелешки го усвои Записникот од Сто четириесет и седмата (тематска) седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 27 јануари 2026 година.

*

*          *

По одделните точки од Дневниот ред, Владата ги донесе следниве заклучоци:

**<u>Точка 1</u>**

Владата ја донесе Програмата за работа на Владата на Република Северна Македонија за 2026 година.

**Точка 2**

Владата го разгледа Известувањето од Собранието на Република Северна Македонија, за доставени пријави од пет кандидати по Одлуката за огласување на именување на јавен обвинител на Република Северна Македонија („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 5/2026), со пријави и придружни документи и заклучи да поднесе Барање за мислење до Советот на јавните обвинители на Република Северна Македонија, за пријавените кандидати на огласот за именување на Јавен обвинител на Република Северна Македонија што ги исполнуваат условите согласно со закон, со цел Советот во рок од 15 дена од приемот на Барањето, до Владата на Република Северна Македонија да достави образложено позитивно или негативно мислење во писмена форма, за сите пријавени кандидати.

**Точка 3**

Владата ги разгледа Конечните извештаи за извршена ревизија на финансиски извештаи и ревизија на усогласеност за 2024 година на Фондот за иновации и технолошки развој (Сметка на основен буџет (603) и Сметка на буџет од самофинансирачки активности (787)), како материјали за информирање.

Истовремено, Владата ја задолжи Агенцијата за иновации, научно-технолошки развој и претприемништво да подготви акциски план со точно утврдени активности, одговорни лица и рокови за имплементација на препораките од Државниот завод за ревизија и во рок од 15 дена да го достави до Владата и до Државниот завод за ревизија.

**Точка 4**

Владата ја разгледа Информацијата за Годишната програма за изградба, реконструкција, рехабилитација, одржување и заштита на државните патишта за 2026 година, со Предлог – одлука, ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за давање согласност на Годишната програма за изградба, реконструкција, рехабилитација, одржување и заштита на државните патишта за 2026 година.

**Точка 5**

Владата ја разгледа Информацијата во врска со спроведување на постапка за доделување на договор за јавна набавка за ревизија на Годишната сметка и финансиските извештаи за 2025 година со состојба 31.12.2025 година и ревизија на Годишната сметка и финансиските извештаи за 2026 година со состојба 31.12.2026 година на Акционерското друштво за изградба и стопанисување со станбен простор и со деловен простор од значење за Републиката-Скопје, со прилози и со Предлог-одлука, ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за избор на овластен ревизор за ревизија на Годишната сметка и финансиските извештаи за 2025 и 2026 година на Акционерското друштво за изградба и стопанисување со станбен простор и со деловен простор од значење за Републиката – Скопје.

**Точка 6**

Владата ја разгледа Информацијата во врска со неконтролираниот ископ на песок, чакал и камен од речното корито на реката „Вардар“ во атарот на с. Ногаевци, Општина Градско, со кој се поткопуваат темелите на мостот кој се наоѓа во непосредна близина и со истото се доведува во прашање стабилноста на мостот, ја усвои Информацијата и се препорачува на Општина Градско, во рок од 60 дена дополнително да изврши проверка на стабилноста на мостот на реката Вардар, кој се наоѓа во атарот на с.Ногаевци, Општина Градско, со стручни правни лица согласно прописите од областа на градењето и за истото да ја извести Владата.

**Точка 7**

Владата ја разгледа Информацијата во врска со проблемите со кои се соочуваат жителите на Општина Градско, поради истекување на амонијак од базените на биогасната централа, со дополнување, ја усвои Информацијата и го задолжи Државниот инспекторат за животна средина, во рок од шест месеци до Владата да достави информација со добиените податоци од сите параметри од континуираното мерење на концентрациите на гасови (NH3 и H2S) во амбиентниот воздух, кои се емитираат од инсталацијата за производство на електрична енергија од биомаса.

**Точка 8**

Владата ја разгледа Информацијата за зголемување на основната главнина на Трговското друштво Нафтовод ДООЕЛ Скопје, изменување на Изјавата основање на Трговското друштво „Нафтовод“ ДООЕЛ Скопје и Изјава за преземање нов влог, со дополнување и предлог-одлуки и ја усвои со следните заклучоци:

1. Ја донесе Одлуката за зголемување на основната главнина на Трговското друштво „Нафтовод“ ДООЕЛ Скопје.

2. Ја донесе Одлуката за изменување на Изјавата за основање на Трговското друштво „Нафтовод“ ДООЕЛ Скопје.

3. Даде Изјава за основање на Трговското друштво „Нафтовод“ ДООЕЛ Скопје (пречистен текст).

4. Даде Изјава за преземање нов влог.

**Точка 9**

Владата го разгледа Тарифникот за изменување и дополнување на Тарифникот за висината на надоместокот за користење и увид на податоците од геодетско-катастарскиот информационен систем, како и за издавање на овластување за изработка на картографски производи и за висината на надоместокот за издавање на согласност за ставање во употреба на картографскиот производ, со Предлог-одлука и да ја донесе Одлуката за давање согласност на Тарифникот за изменување и дополнување на Тарифникот за висината на надоместокот за користење и увид на податоците од геодетско-катастарскиот информационен систем, како и за издавање на овластување за изработка на картографски производи и за висината на надоместокот за издавање на согласност за ставање во употреба на картографскиот производ.

**Точка 10**

Владата го одложи разгледувањето на Бизнис - планот на Јавното претпријатие за железничка инфраструктура Железници на Република Северна Македонија - Скопје за 2026 година, со Предлог-одлука, за наредната седница на Владата, поради потребата предлагачот да достави нов усогласен текст на Бизнис-планот со Министерството за финансии, нови мислења од Агенцијата за регулирање на железничкиот сектор и Надзорниот одбор, одлука од Управниот одбор на претпријатието, како и нова усогласена Предлог-одлука за давање согласност на усогласениот текст на Бизнис – планот.

**Точка 11**

Владата ја донесе Одлуката за запишување на правото на сопственост на недвижна ствар во корист на Република Северна Македонија во Катастарот на недвижности (03-1107/1).

**Точка 12**

Владата ја одложи од разгледување Предлог - одлуката за запишување на правото на сопственост на недвижни ствари во корист на Република Северна Македонија во Катастарот на недвижности (ДП бр.03-1238/1), за наредната седница на Владата, поради потребата Општина Тетово да достави ново соодветно известување согласно член 65 став (5) од Законот за користење и располагање со стварите во државна сопственост и со стварите во општинска сопственост.

**Точка 13**

Владата ја донесе Одлуката за избор на овластен ревизор за ревизија на Годишната сметка и финансиските извештаи за 2025 година на Акционерското друштво „Медиумска информативна агенција" - Скопје, во државна сопственост.

**Точка 14**

Владата ја донесе Одлуката за давање согласност на Одлуката за отстапување на одземени предмети со правосилни одлуки на Општина Гостивар.

**Точка 15**

Владата го разгледа и го прифати Известувањето за преземените активности во врска со Одлука за изменување на Одлуката за одобрување на продолжување на рокот за постоење на кризна состојба на дел од територијата на Република Северна Македонија заради висок ризик од зголемен обем на влез и транзитирање на мигранти низ територијата на Република Северна Македонија, за период од 22 јануари 2026 година до 28 јануари 2026 година и согласно член 31, став 2 од Законот за управување со кризи заклучи да го достави до Претседателот на Република Северна Македонија и до Собранието на Република Северна Македонија.

**Точка 16**

Владата го разгледа и го прифати Известувањето за активностите поврзани со кризната состојба на дел од територијата на Република Северна Македонија и тоа на подрачјето на Општината Гази Баба на кое Казнено-поправната установа Казнено-поправен дом Идризово ја врши својата надлежност, заради спречување на безбедносните закани и зајакнување на обезбедувањето на установата за период од 22 јануари 2026 година до 28 јануари 2026 година и согласно член 31, став 2 од Законот за управување со кризи заклучи да го достави до Претседателот на Република Северна Македонија и до Собранието на Република Северна Македонија.

**Точка 17**

Владата ја разгледа Информацијата за потребата од донесување на Одлука за продажба на движна ствар - патничко моторно возило и Одлука за продажба на движна ствар - патничко моторно возило за старо железо, со предлог-одлуки и притоа ги донесе следните заклучоци:

1. Ја усвои Информацијата за потребата од донесување на Одлука за продажба на движна ствар - патничко моторно возило и Одлука за продажба на движна ствар - патничко моторно возило за старо железо.

2. Ја донесе Одлуката за продажба на движна ствар (патничко моторно возило „шкода ситиго“).

3. Ја донесе Одлуката за продажба на движна ствар (патничко моторно возило за старо железо „шкода рапид“).

**Точка 18**

Владата ја разгледа Информацијата за потпишување на Меморандум за разбирање помеѓу Министерството за енергетика, рударство и минерални суровини на Република Северна Македонија и Министерството за економија на Република Хрватска, со усогласен текст на Меморандумот и ја усвои со следните заклучоци:

1. Го прифати усогласениот текст на Меморандумот за разбирање помеѓу Министерство за економија на Република Хрватска и Министерство за енергетика, рударство и минерални суровини на Република Северна Македонија.

2. Се овластува Сања Божиновска, министер за енергетика, рударство и минерални суровини, да го потпише Меморандумот за разбирање помеѓу Министерство за економија на Република Хрватска и Министерство за енергетика, рударство и минерални суровини на Република Северна Македонија.

**Точка 19**

Владата ја разгледа Информацијата во врска со извршената евалуација од Јавниот повик за доделување на концесија за детални геолошки истражувања на минерална суровина - кварц на локалитетот „Марул“, Општина Прилеп 7/2023 („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 221/23), со Предлог – одлука, ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за престанување на важењето на Одлуката за започнување на постапка за доделување на концесија за детални геолошки истражувања на минерална суровина - кварц на локалитетот „Марул“, Општина Прилеп.

**Точка 20**

Владата го разгледа Предлогот за поведување постапка за водење на преговори за склучување на Нацрт - договор меѓу Владата на Република Северна Македонија и Советот на министри на Република Албанија за основање и функционирање на Центар за полициска и царинска соработка, со текст на Нацрт-договор и го усвои со следните заклучоци усогласени со Министерството за финансии и Секретаријатот за законодавство:

1. Го прифати текстот на Нацрт-договорот меѓу Владата на Република Северна Македонија и Советот на министри на Република Албанија за основање и функционирање на Центар за полициска и царинска соработка, како основа за водење на преговори.

2. Се задолжува шефот на делегацијата и члeновите на делегацијата на Република Северна Македонија, при водењето на преговорите да се придржуваат кон ставовите наведени во Предлогот за поведување постапка за водење на преговори за склучување на Нацрт-договорот меѓу Владата на Република Северна Македонија и Советот на министри на

Република Албанија за основање и функционирање на Центар за полициска и царинска соработка.

3. Се овластува шефот на делегацијата на Република Северна Македонија да го парафира текстот на Нацрт - договорот меѓу Владата на Република Северна Македонија и Советот на Министри на Република Албанија за основање и функционирање на Центар за полициска и царинска соработка согласно утврдените насоки, доколку се постигне согласност на преговорите за склучување на Договорот.

4. Се задолжува делегацијата на Република Северна Македонија, во рок од 30 дена по завршените преговори, до Владата да поднесе писмен извештај за завршените преговори со усогласениот односно парафираниот текст на Нацрт-договорот меѓу Владата на Република Северна Македонија и Советот на министри на Република Албанија за основање и функционирање на Центар за полициска и царинска соработка.

**Точка 21**

Владата ја разгледа Информацијата за потпишување на Меморандум за разбирање во врска со соработката во областа на контрола на вооружувањето, со усогласен текст на Меморандум и ја усвои со следниве заклучоци:

1. Го прифати усогласениот текст на Меморандумот за разбирање во врска со соработката во областа на контрола на вооружувањето.

2. Се овластува м-р Владо Мисајловски, министер за одбрана да го потпише Меморандумот за разбирање во врска со соработката во областа на контрола на вооружувањето.

**Точка 22**

Владата ја разгледа Информацијата за потпишување на договор за набавка на војнички чизми помеѓу Министерството за одбрана на Република Северна Македонија и АД ЈАКУПОГЛУ, во рамки на Договорот за воено - финансиска соработка, потпишан помеѓу Владата на Република Турција и Владата на Република Северна Македонија, со текст на Договор и ја усвои со следните заклучоци:

1. Се задолжува Министерството за одбрана на Република Северна Македонија да го склучи договорот за набавка на војнички чизми помеѓу Министерството за одбрана на Република Северна Македонија и АД ЈАКУПОГЛУ, во рамки на Договорот за воено - финансиска соработка, потпишан помеѓу Владата на Република Турција и Владата на Република Северна Македонија.

2. Се овластува полковник Блерим Волина, одбранбено аташе на Република Северна Македонија во Анкара, Република Турција да го потпише договорот за набавка на војнички чизми помеѓу Министерството за одбрана на Република Северна Македонија и АД ЈАКУПОГЛУ, во рамки на Договорот за воено - финансиска соработка, потпишан помеѓу Владата на Република Турција и Владата на Република Северна Македонија.

**Точка 23**

Владата ја разгледа Информацијата со статистички податоци за кривични предмети од областа корупција за 2024 година и ја усвои со следните заклучоци:

1. Се задолжуваат Министерството за внатрешни работи, Министерството за внатрешни работи-Биро за јавна безбедност, Министерството за финансии-Управа за финансиска

полиција, Министерството за финансии-Царинска управа, Министерството за финансии-Управа за јавни приходи и Министерството за финансии-Управа за финансиско разузнавање, најдоцна до 28 февруари 2026 година, во Системот за собирање и обработка на статистички податоци за превенција и репресија на корупција и перење пари (АКстатс), преку определените лица за корисници, да ги внесат, односно ажурираат внесените податоци за сите кривични пријави, односно извештаи за случаи на корупција и перење пари доставени до основните јавни обвинителства во периодот јануари 2019 година – декември 2025 година, согласно Меморандумот за соработка за користење на Системот за собирање и обработка на статистички податоци за превенција и репресија на корупција и перење пари.

2. Се задолжуваат Министерството за внатрешни работи, Министерството за финансии-Царинска управа и Министерството за финансии-Управа за јавни приходи, најдоцна до 31 март 2026 година, во Системот за собирање и обработка на статистички податоци за превенција и репресија на корупција и перење пари (АКстатс), преку определените лица за корисници, да ги внесат податоците за дисциплинските постапки иницирани во 2024 година и 2025 година против свои вработени службени лица, за дисциплински повреди со коруптивен елемент, односно во врска со постапки за кривични дела од областа корупција.

**Точка 24**

Владата ја разгледа Предлог – одлуката за условите за распределба и користење на средства за финансирање на програмските активности на здруженија и фондации од Буџетот на Република Северна Македонија за 2026 година и условно ја донесе Одлуката, со заклучок текстот на истата да се усогласи со Министерството за финансии и Секретаријатот за законодавство.

**Точка 25**

Владата го донесе Решението за назначување на претседавач, заменик - претседавач, членови, заменици на членовите, секретар и заменик - секретар на Меѓуресорско тело за координација на активностите против корупцијата.

**Точка 26**

Владата ја разгледа Информацијата за текот на активности во врска со Физибилити студијата за воспоставување на примарен владин податочен центар и инфраструктура за пресметување во облак, ја усвои Информацијата и ги задолжи Генералниот секретаријат на Владата на Република Северна Македонија, Министерството за надворешни работи и надворешна трговија, Секретаријатот за законодавство, Државниот завод за статистика и Државниот архив на Република Северна Македонија, а им се укажува на Државниот завод за ревизија, Агенцијата за заштита на личните податоци, Фондот за осигурување на депозити, Агенцијата за електронски комуникации, Агенцијата за цивилно воздухопловство, Агенцијата за супервизија на осигурување, Агенцијата за супервизија на капитално финансирано пензиско осигурување, Комисијата за хартии од вредност на Република Северна Македонија, Агенцијата за пошти и Агенцијата за регулирање на железничкиот сектор, во рок од пет дена до Министерството за дигитална трансформација да достават номинации на најмалку едно лице за контакт, со цел прибирање на податоци за постоечките серверски и мрежни капацитети.

**Точка 27**

Владата ја одложи од разгледување Предлог-одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Министерство за спорт, за наредната седница на Владата, поради потребата од дополнителни усогласувања.

**Точка 28**

Владата ја донесе Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Министерство за спорт (десет компјутери со тастатура и глувче и десет монитори).

**Точка 29**

Владата го симна од Дневен ред Предлогот на закон за изменување и дополнување на Законот за прекршоците, по скратена постапка, поднесен од група пратеници, бидејќи истиот е донесен од страна на Собранието на Република Северна Македонија.

**Точка 30**

Владата го разгледа Предлогот на законот за изменување на Законот за игрите на среќа и за забавните игри, по скратена постапка, поднесен од група пратеници и притоа го утврди следното мислење:

Во новиот Предлог на закон за игри на среќа и за забавните игри, кој е во собраниска процедура, предвидено е дел од средствата од приходите од игрите на среќа да се распределуваат за Министерството за култура и туризам за промоција на туризмот.

Исто така, со Предлогот на закон се предвидува од приходите од игрите на среќа да се издвојуваат средства за финансирање на ранливи категории, на стари изнемоштени лица, за жртви на семејно насилство, за лица со инвалидитет и посебни потреби, за спортските федерации и младинските клубови и за финансирање на филмот, како и средства за финансирање на спортот и здравствената заштита преку давачки кои приредувачите на игрите на среќа секој месец имаат обврска да ги платат на сметка на Министерството за спорт и Министерството за здравство. Оттука, опфатени се повеќе области, меѓу кои и Министерството за култура и туризам, за кои е предвидено да се распределуваат средства од приходите од игрите на среќа.

Со оглед на наведеното, Владата на Република Северна Македонија дава негативно мислење по однос на Предлогот на закон за изменување и дополнување на Законот за игри на среќа и за забавните игри, по скратена постапка, предложен од група пратеници, со предлог Собранието да не го донесе Законот.

**Точка 31**

Владата ја разгледа Иницијативата од Александар Михајлоски, адвокат од Скопје, доставена до Уставниот суд на Република Северна Македонија, под У.бр.167/2025 за поведување постапка за оценување на уставноста на член 2 од Законот за изменување и дополнување на Законот за постапување со бесправно изградени објекти („Службен весник на Република Македонија“ бр. 217/15) и притоа го утврди следното мислење:

Со членот 2 од Законот за изменување и дополнување на Законот за постапување со бесправно изградени објекти („Службен весник на Република Македонија“ бр.217/15) извршена е измена на членот 6 став (6) од Законот за постапување со бесправно изградени објекти, кој гласи:

(1) Подносител на барање за утврдување на правен статус може да биде физичко лице - државјанин на Република Северна Македонија, правно лице регистрирано во Централниот регистар на Република Северна Македонија и институции кои се иматели на бесправните објекти. Странски правни и физички лица можат да бидат баратели, доколку ги

исполнуваат условите за стекнување на право на сопственост утврдени со Законот за сопственост и други стварни права.

(2) Барателот е должен со барањето за утврдување на правен статус на бесправни објекти од значење за Републиката, објекти на здравствени установи за примарна, секундарна и терцијарна здравствена заштита и објекти од локално значење освен електронски комуникациски мрежи и средства и линиски инфраструктурни објекти да достави:

- уверение за државјанство или копија од лична карта за домашно физичко лице, односно копија од патна исправа за странско физичко лице, а за домашно и странско правно лице, извод од Централниот регистар на Република Северна Македонија, односно од соодветната институција во државата во која странското правно лице има седиште,

- доказ за приклучок на комунална инфраструктура и/или сметки за јавни услуги (струја, вода итн.), а доколку бесправниот објект нема инфраструктурни приклучоци, изјава заверена на нотар дадена под кривична и материјална одговорност со која барателот ќе потврди дека бесправниот објект е изграден пред влегувањето во сила на овој закон и

- геодетски елаборат за утврдување на фактичка состојба на бесправен објект со имотен лист за земјиштето на кое е изграден бесправниот објект.

(3) Доколку бесправниот објект е изграден на земјиште кое не е сопственост на барателот или на Република Северна Македонија, односно земјиштето е сопственост на друго физичко или правно лице, односно бесправниот објект е изграден на земјиште кое е сосопственост на барателот и друго физичко или правно лице, барателот покрај доказите од ставот (2) на овој член е должен да достави и договор за долготраен закуп на земјиштето склучен со сопственикот, односно сосопственикот на земјиштето или изјава заверена на нотар со која сопственикот, односно сосопственикот на земјиштето изјавува дека е согласен да се утврди правен статус на бесправниот објект и истиот да се запише во јавните книги за запишување на правата на недвижности на име на барателот.

(4) Доколку бесправниот објект е изграден на земјиште пренесено од поранешен сопственик врз основа на договор за купопродажба, на кое како корисник во имотниот лист е евидентиран поранешниот сопственик, а барателот го користи земјиштето повеќе од 20 години од денот на склучувањето на договорот, барателот е должен покрај доказите од ставот (2) на овој член да достави и договор за купопродажба на земјиштето и изјава заверена на нотар, дадена под кривична и материјална одговорност со која барателот ќе потврди дека барателот или лицето чиј наследник е барателот го имаат купено земјиштето од поранешниот сопственик и истото го користат повеќе од 20 години од денот на склучувањето на договорот.

(5) Доколку во случајот од ставот (4) на овој член постои неусогласеност на броевите на катастарските парцели кои се наведени во договорот за купопродажба и во имотниот лист, барателот е должен да достави и уверение за идентификација на катастарската парцела издадено од Агенцијата за катастар на недвижности.

(6) По исклучок од ставот (3) на овој член, доколку бесправниот објект е изграден на земјиште кое не е сопственост на барателот или на Република Северна Македонија, односно земјиштето е сопственост на друго физичко или правно лице, односно бесправниот објект е изграден на земјиште кое е сосопственост на барателот и друго физичко или правно лице, а барателот нема склучено договор за долготраен закуп на земјиштето со сопственикот, односно сосопственикот на земјиштето или нема доставено изјава заверена на нотар со која сопственикот, односно сосопственикот на земјиштето изјавува дека е согласен да се утврди правен статус на бесправниот објект и истиот да се запише во јавните книги за запишување на правата на недвижности на име на барателот,

а во моментот на изградбата на бесправниот објект земјиштето на кое е изграден истиот било сопственост на Република Северна Македонија, барателот покрај доказите од ставот (2) на овој член, е должен да достави и уверение за движење за земјиштето на кое е изграден бесправниот објект и изјава заверена на нотар, дадена под кривична и материјална одговорност, во која ќе потврди која година е изграден бесправниот објект.

(7) Доколку бесправниот објект е изграден на земјиште со незапишани права, надлежниот орган по службена должност доставува барање до Агенцијата за катастар на недвижности за спроведување на соодветна постапка за запишување на правата врз предметното земјиште, согласно со Законот за катастар на недвижности, која постапка Агенцијата за катастар на недвижности ја спроведува по службена должност.

(8) Доколку е поднесено барање за утврдување на правен статус на бесправен објект кој е изграден на земјиште со нерасчистени имотни односи, поради тоа што не е спроведена оставинска постапка, барателот е должен покрај доказите од ставот (2) на овој член да достави и известување од нотарот повереник на оставинскиот суд дека се води оставинска постапка за предметното земјиште.

(9)Доколку е поднесено барање за утврдување на правен статус за станбени згради за колективно домување, потребно е барањето да е поднесено од заедницата на станари или да е потпишано од повеќе од половината иматели на стан во зградата при што покрај доказите од ставот (2) на овој член се доставува и список на станари, договори за купопродажба на становите во зградата, како и уверение за државјанство или копија од лична карта од сите иматели на стан во зградата. За утврдување на правен статус на делови (доградби и надградби) на станбени згради кои се бесправно изградени, подносител на барање за утврдување на правен статус е имателот на делот кој е бесправно изграден.

(10) Доколку е поднесено барање за утврдување на правен статус на бесправен објект кој е изграден во заштитен крајбрежен појас на вештачки езера и речни корита, како и бесправен објект со намена домување во станбени куќи согласно Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање кој е изграден во заштитен крајбрежен појас на природни езера, барателот е должен покрај доказите од ставот (2) на овој член да достави и изјава заверена на нотар, дадена под материјална и кривична одговорност, со која барателот ќе потврди дека е согласен да се утврди правен статус на бесправниот објект на негова одговорност и нема да бара надоместок на штета од надлежен орган при настанување на евентуална штета поради елементарна непогода како и дека ќе ја надомести секоја штета врз животната средина настаната од влијанието на предметниот објект.

При донесувањето на измените на Законот, се поаѓа од оценка дека решенијата вклучувајќи и членот 2 од Законот за изменување и дополнување на Законот за постапување со бесправно изградени објекти („Службен весник на Република Македонија" бр.217/15), се во согласност со Уставот и дека ќе придонесат кон поефикасно уредување на прашањето на бесправно изградените објекти. Таквата оценка била заснована на тогашните анализи, очекуваните ефекти и јавниот интерес кој требало да се постигне со законските измени.

Меѓутоа, по започнувањето и следењето на примената во пракса, како и по дополнителна уставно-правна анализа и согледување на нејзините реални правни последици, констатирано е дека оспореното решение создава проблеми кои не биле целосно предвидени во фазата на неговото донесување.

Имено, утврдено е дека членот 2 од Законот за изменување и дополнување на Законот за постапување со бесправно изградени објекти („Службен весник на Република Македонија" бр.217/15), доведува до ограничување на поединечната правна заштита, создава правна

несигурност и резултира со нееднаков третман на субјектите во слична правна положба, што не е во согласност со уставните начела на владеење на правото, еднаквост и пропорционалност.

Имајќи го предвид горенаведеното, Владата на Република Северна Македонија смета дека Иницијативата е основана и треба да се поведе постапка за оценување на уставноста на членот 2 од Законот за изменување и дополнување на Законот за постапување со бесправно изградени објекти („Службен весник на Република Македонија" бр.217/15).

## Точка 32

Владата го разгледа Решението на Уставниот суд на Република Северна Македонија, У.бр.37/2025 од 19 ноември 2025 година, за поведување постапка за оценување на уставноста на член 54 став (1) во делот „2024 година 10%", став (2) во делот „2024 година 8%" и член 59 став (1) од Законот за минимален глобален данок на добивка („Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 3/25) и притоа го утврди следново мислење:

Од страна на Уставниот суд на Република Северна Македонија на 19 ноември 2025 година е донесено Решение со кое:

1. Се поведува постапка за оценување на уставноста на член 54 став (1) во делот „2024 година 10%", став (2) во делот „2024 година 8%" и член 59 став (1) од Законот за минимален глобален данок на добивка („Службен весник на Република Македонија" бр. 3/2025).

2. Ова решение ќе се објави во Службен весник на Република Северна Македонија.

Според Решението на Уставниот суд на Република Северна Македонија, подносителот на Иницијативата, го оспорува член 54 став (1) во делот „2024 година 10%", став (2) во делот „2024 година 8%" и член 59 став (1) од Законот за минимален глобален данок на добивка и за истите смета дека не се во согласност со член 8 став (1) алинеја 3 и член 52 став (4) од Уставот на Република Северна Македонија.

Во Решението на Уставниот суд на Република Северна Македонија е наведено дека подносителот на Иницијативата навел дека со оспорените делови и одредбата законодавецот воспоставил ретроактивна примена на Законот бидејќи истиот стапил на сила на 3 јануари 2025 година, а се применува за фискалната 2024 година, дека со оспорените одредби се повредува правната сигурност, односно легитимната предвидливост и легитимните очекувања на субјектите на правото засегнати со истите, особено на странските инвеститори во Република Северна Македонија, бидејќи истите се применуваат ретроактивно наметнувајќи нова даночна обврска, без да им се даде можност да го прилагодат нивното работење со новите даночни обврски.
Врз основа на наводите во поднесената Иницијатива, Уставниот суд на Република Северна Македонија во Решението оценува дека се основани наводите од Иницијативата дека оспорените делови од одредбите и оспорената одредба од Законот се спротивни со одредбите од член 8 став (1) алинеја 3 и член 52 став (4) од Уставот на Република Северна Македонија.

Во образложението на Решението на Уставниот суд на Република Северна Македонија се наведува дека „законодавецот на 3.1.2025 година воспоставува нова обврска за плаќање на минимален глобален данок на добивка, пресметан врз основа на приходот според даночната основа утврдена во даночниот период за оданочување на добивката за 2024 година, која веќе била затворена, така што, даночните обврзници кои до 2024 година работеле според прописите кои ги задолжувале со плаќање данок на добивка за остварениот приход за кој ги исполниле даночните обврски за таа година се доведени во

ситуација да подложат на обврска за плаќање на нов данок - минимален глобален данок на добивка".

Понатаму, во образложението на Решението се наведува дека „...со воведената јавна давачка, преку наведениот Закон, на 3.1.2025 година, предвидел дополнително оданочување на приходот од 2024 година, со што се впуштил во уредувањето на претходно реализирани и завршени правни односи...".

По однос на горенаведените наводи од Решението на Уставниот суд на Република Северна Македонија, се истакнува:

Законот за минимален глобален данок е донесен на крајот на 2024 година со цел да се обезбеди минимално ефективно оданочување на добивката на групите на мултинационални компании и големите домашни групи. Законот е усогласен со одредбите од Директивата на Советот (ЕУ) 2022/2523 од 14 декември 2022 година за обезбедување на глобално минимално ниво на оданочување за групи на мултинационални компании и големи домашни групи во Унијата, како и со глобалните модел правила на ОЕЦД против намалување на даночната основа („Global Anti-Base Erosion (GloBE) Model Rules"), со која се пропишуваат мерки за обезбедување на минимално ефективно оданочување на добивката на групите на мултинационалните компании и големи домашни групи, без оглед на јурисдикцијата во која составните субјекти на групите вршат деловни активности.

Во Законот се уредени основните елементи потребни за целите на пресметување и плаќање на минимален глобален данок на добивка, односно дефинирани се субјектите на кои се применува овој Закон, начинот на пресметување на ефективната даночна стапка, како и начинот на пресметка на даночната основа и даночната обврска на дополнителен данок. Оттука, напоменуваме дека минималниот глобален данок на добивка претставува нов, посебен данок со утврден обврзник за плаќање, како и посебна даночна основа различна од даночната основа за пресметување и плаќање на данокот на добивка.

Поконкретно, со членот 5 од Законот, се пропишува условот за остварениот праг на приходи, кој треба да го исполнат субјектите за да подлежат на обврските предвидени со овој закон, односно во истиот е уредено дека Законот ќе се применува на составните субјекти кои се членови на група на мултинационални компании или на голема домашна група, чијшто годишен приход во консолидираните финансиски извештаи на крајната матична компанија во најмалку две од четири фискални години изнесува 750 милиони евра или повеќе, вклучувајќи ги и приходите од исклучените субјекти.

За целите на утврдување на даночната основа на минималниот глобален данок на добивка, се земаат предвид одредбите од Глава III, IV и V од Законот во кои е уреден начинот на пресметување на квалификуваната добивка, прилагодените опфатени даноци, ефективната даночна стапка и пресметката на дополнителниот данок.

Во членот 28 од Законот е пропишана формулата за пресметување на ефективната стапка. Притоа, доколку пресметаната ефективна стапка на составниот субјект е пониска од 15%, постои обврска за пресметка на дополнителен данок.

Во членот 29 од Законот кој го уредува пресметувањето на дополнителниот данок, е пропишано дека разликата помеѓу минималната даночна стапка од 15% и пресметаната ефективна стапка го покажува процентот на дополнителниот данок.

Во ставот 3 од овој член е пропишана формулата за пресметување на данокот. За целите на пресметката на дополнителниот данок, вишокот на добивка утврден согласно одредбите од членот 29 од Законот се множи се споменатиот процент на дополнителен данок. Вишокот на добивка пак претставува разлика помеѓу нето квалификувана добивка и

суштинското исклучување на добивката кое подетално е објаснето во членот 30 од Законот. Во членот 30 од Законот во кој се уредува суштинското исклучување на добивката се пропишува дека истото се применува по избор на составниот субјект што ја поднесува пријавата, на годишна основа, при што за цели на пресметување на дополнителниот данок, нето квалификуваната добивка за јурисдикцијата се намалува за пропишаното суштинско ослободување од добивка односно за износот еднаков на збирот на ослободувањето за платите и ослободувањето за материјалните средства. Дополнително, во однос на гореспоменатите наводи би сакале да истакнеме дека ставовите 1 и 2 од членот 54 од Законот не ја пропишуваат даночната основа за пресметување на дополнителниот данок, туку со истите се пропишува вредноста на трошоците поврзани со вработените и вредноста на материјалните средства во одредена јурисдикција, со помош на кои се утврдува суштинското исклучување на добивката кое е од важност при пресметувањето на вишокот добивка, а оттаму и за пресметувањето на дополнителниот данок. Со одредбите за суштинското исклучување на добивката се исклучуваат од примена мерките за обезбедување на минимално ефективно оданочување за фиксни приноси од суштински активности на составните субјекти во рамки на определена јурисдикција. Оттука, примената на суштинското исклучување на добивка е по избор на составниот субјект кој ја поднесува пријавата и законското пропишување на исклучокот е во корист на даночните обврзници бидејќи го намалува дополнителниот данок кој треба да се наплати врз основа на правилата за обезбедување на минимално оданочување.

Со донесувањето и примената на Законот, не само што се врши усогласување со Директивата на Европската Унија и се имплементираат глобалните модел правила на ОЕЦД против намалување на даночната основа, преку кои се обезбедува глобално минимално ниво на оданочување на групите на мултинационални компании и на големите домашни групи и намалување на помалку оданочените добивки на мултинационалните компании на глобално ниво, истовремено се заштитува и домашната даночната основа во Република Северна Македонија и се создава основ за прилив на дополнителни даночни приходи во Буџетот на Република Северна Македонија. Ова оттаму што, доколку како јурисдикција не се донесеше Законот, односно не се имплементираа правилата за плаќање на дополнителен данок, особено правилото за утврдување на квалификуван домашен дополнителен данок, правото на наплата на износот на дополнителниот данок ќе се отстапеше на јурисдикцијата на која припаѓа матичната компанија на групата на мултинационалните компании. Во отсуство на пропишани правила за плаќање на дополнителен данок во Република Северна Македонија, јурисдикцијата на матичната компанија на групата на мултинационални компани ќе имаше можност преку примената на правилото за вклучување на добивката, да го оданочи вишокот на добивка остварен од составните субјекти кои припаѓаат на групата на мултинационални компани, кои вршат дејност во Република Северна Македонија, а чијашто пресметана ефективна стапка е помала од минималната стапка од 15%. Така на пример, доколку нивната ефективна стапка изнесува 10%, разликата до 15%, односно 5% на данок пресметан на основата за плаќање на дополнителниот данок, ќе го наплатеше странската јурисдикција, наместо нашата јурисдикција.

Со оглед на тоа дека составните субјекти вршат деловни активности во Република Северна Македонија од кои остваруваат добивка, оправдано е дополнителниот данок да го платат во нашата држава, како земја на извор на добивката. Според тоа, со носењето и примената на Законот, се штитат економските интереси на државата и се прибираат даночните приходи кои во услови на неприменување на Законот за 2024 година ќе бидат наплатени од друга јурисдикција, односно групата на мултинационалната компанија ќе подлежи на обврската за плаќање на минималниот глобален данок во однос на добивката на составните субјекти која е остварена на територијата на нашата земја. Од горенаведено, со воведениот глобален минимален данок на добивка не се уредуваат претходно воспоставени и завршени правни односи, односно истиот не се пресметува на даночната

основа утврдена во даночниот биланс за оданочување на добивката за 2024 година, а законодавецот предвидел посебна даночна основа за пресметување на овој данок.

Во однос на наводите за ретроактивна примена на Законот, се потенцираат одредбите од членовите 46, 48 и 49 од Законот кои ги уредуваат обврските на субјектите за поднесување на соодветни пријави до даночниот орган како и обврската за плаќање на дополнителниот данок.

Имено, со членот 46 став (7) од Законот се пропишува обврска за поднесување пријава на информации за дополнителен данок до Управата за јавни приходи најдоцна 15 месеци по истекот на последниот ден од фискалната година за која се утврдува дополнителниот данок.

Во членот 48 од Законот е уреден рокот за поднесување на пријавата за дополнителниот данок, како и рокот за плаќање на овој данок, така што се пропишува дека составниот субјект кој подлежи на дополнителен данок врз основа на правилото за вклучување на добивката или правилото за помалку оданочена добивка во Република Северна Македонија е должен да поднесе пријава за дополнителен данок во рок од 30 дена од денот на истекот на рокот за поднесување на пријавата за информации од членот 46 став (7) на овој закон, а да го плати дополнителниот данок во рок од 30 дена од истекот на рокот за поднесување на пријавата.

Членот 49 од Законот ја пропишува обврската за поднесување на пријавата за домашен дополнителен данок и рокот за плаќање на данокот. Истиот уредува дека составниот субјект кој подлежи на квалификуван домашен дополнителен данок во Република Северна Македонија во согласност со член 13 од овој закон е должен да поднесе пријава за домашен дополнителен данок во рокот за поднесување на пријавата на информации за дополнителен данок од член 46 став (7) од овој закон, а износот на домашниот дополнителен данок е должен да го плати во рок од 30 дена од денот на истекот на рокот за поднесување на пријавата.

Со членот 57 од Законот се предвидува исклучок од општото правило за поднесување на пријавата за информации за дополнителен данок и пријавата за дополнителен данок, така што рокот за преодната година се продолжува и изнесува 18 месеци по истекот на фискалната година, а во тој рок се прилагодува и рокот за плаќање на даночната обврска.

Иако според членот 59 став (1) од Законот, истиот се применува за фискалните години кои започнуваат на 1 јануари 2024 година, Законот нема повратно дејство бидејќи согласно горенаведените законски одредби обврската за плаќање на дополнителниот данок настанува дури по 16 месеци од истекот на фискалната година за која се утврдува дополнителниот данок.

Всушност, за фискалната 2024 година, како прва година за која ќе се применува Законот, согласно одредбите од членот 57 од истиот, рокот за плаќање на данокот е уште подолг. Имено, составните субјекти ќе имаат обврска да ја поднесат пријавата за домашен дополнителен данок до Управата за јавни приходи во рок од 18 месеци од истекот на фискалната 2024 година, а тоа е до крајот на јуни 2026 година и да извршат плаќање на износот на домашниот дополнителен данок во рок од 30 дена од денот на истекот на рокот за поднесување на пријавата, значи до крајот на јули 2026 година.

За останатите фискални години ќе се применуваат роковите предвидени со одредбите од членовите 46, 48 и 49 од Законот. Така на пример, за фискалната 2025 година, составните субјекти ќе имаат обврска да ја поднесат пријавата на информации за дополнителен данок до Управата за јавни приходи најдоцна 15 месеци по истекот на последниот ден од фискалната 2025 година, а тоа е најдоцна до март 2027 година. Во истиот рок ќе имаат

обврска да ја поднесат и пријавата за домашен дополнителен данок, а до крајот на април 2027 година, односно најдоцна до истекот на 30 дена од рокот за поднесување на пријавата, ќе имаат обврска да го платат дополнителниот данок.

Според наведеното, периодот од 18 месеци (за првата година од примената на Законот-2024 година), односно периодот од 15 месеци по истекот на секоја наредна фискалната година за која се утврдува данокот или пак, тоа е периодот од 19 месеци за првата година, а 16 месеци за останатите години, доколку го вклучиме и рокот за плаќање на данокот, претставува значително долг период во кој субјектите ќе имаат можност да се запознаат со обврските кои се предвидени со Законот и да го прилагодат своето работење на истите.

Во однос на наводите кои се однесуваат на тоа дека законодавецот не постапил по примерот на Директивата од аспект на времето на примена на истиот, земјата има право на избор на утврдување на рок за отпочнување на примената на законите, односно дека истиот не мора задолжително да е поврзан со датумот наведен во Директивата, ова во околности кога Република Северна Македонија сеуште не е членка во Европската Унија.

Дополнително и во услови кога не би постоела Директивата на Европската Унија, основ за носење на предметниот закон можеа да бидат глобалните модел правила на ОЕЦД, со оглед на тоа дека Република Северна Македонија  е една од 139-те земји кои го подржаа пакетот мерки на ОЕЦД против намалување на даночната основа, а во истите не е уреден задолжителен рок за отпочнување на примена.

Оттука, Законот не само што нема повратно дејство, туку и во целост е во согласност со членот 8 став (1) алинеја 3 од Уставот на Република Северна Македонија и членот 52 став (4) од Уставот на Република Северна Македонија, односно истиот не го нарушува темелниот принцип на владеење на правото, ниту предизвикува правна несигурност кај даночните обврзници.

Имајќи го предвид горенаведеното, одредбите од член 54 став (1) во делот „2024 година 10%", став (2) во делот „2024 година 8%" и член 59 став (1) од Законот за минимален глобален данок на добивка („Службен весник на Република Северна Македонија" 3/25) се во согласност со член 8 став (1) алинеја 3 и член 52 став (4) од Уставот на Република Северна Македонија, поради што Владата на Република Северна Македонија му предлага на Уставниот суд на Република Северна Македонија, во согласност со член 39 алинеја 4 и член 73 алинеја 2 од Актот на Уставниот суд на Република Северна Македонија („Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 115/24), да донесе Решение со кое ќе се запре поведената постапка за оценување на уставноста на член 54 став (1) во делот „2024 година 10%", став (2) во делот „2024 година 8%" и член 59 став (1) од Законот за минимален глобален данок на добивка („Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 3/25).

**<u>Точка 33</u>**

Владата ја разгледа Понудата од нотар Анита Велиновски од Крива Паланка, за продажба на недвижен имот запишан во Имотен лист бр.214, за КО Љубинци, на КП бр.567/1 и КП бр. 567/2 викано место/улица „Цепеник"  и не ја прифати Понудата, имајќи ги предвид негативните мислења на Министерството за транспорт и Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство.

**<u>Точка 34</u>**

Владата ја разгледа Понудата од нотар Дејан Павлоски од Скопје, за продажба на недвижен имот запишан во Имотен лист бр.28485, за КО Сингелиќ - 1, на КП бр.4146/26, викано место/улица „А.Попов" и Имотен лист бр.23446, за КО Сингелиќ - 1, на КП бр.4146/29,

викано место/улица „А.Попов“ и по Понудата го усвои Известувањето на Министерството за транспорт.

**Точка 35**

Владата ја разгледа Информацијата за примена на Законот за медијација, како материјал за информирање.

**Точка 36**

Владата ја разгледа Информацијата за статусот на алатката „Е-инспектор“ во однос на нејзиното преземање, функционалност, евентуално надградување, како и за можноста за соодветни законски измени, со цел истата задолжително да се користи од страна на сите инспекциски служби, како материјал за информирање.

Истовремено, Владата заклучи Министерството за дигитална трансформација да изгради соработка со овластен инспекциски орган за заедничко присуство на терен и изготвување на инспекциски записник, како и да остави алтернативна можност за наративен записник, покрај електронскиот записник.

**Точка 37**

Владата ја разгледа Информацијата за степенот на реализација на усвоените заклучоци по Информацијата за степенот на спроведување на Стратегијата за транспарентност (2023-2026) од страна на Владата, министерствата и 20 владини институции, со прилози, како материјал за информирање.

**Точка 38**

Владата ја разгледа Информацијата за Годишниот извештај за спроведени активности од страна на министерот без ресор, задолжен за интеграција и имплементација на Стратегијата за инклузија на Ромите 2022-2030, со извештаи, како материјал за информирање.

**Точка 39**

Владата ја разгледа Информацијата за начинот на функционирање на порталот „Портал - пресуди од даночни и царински спорови“ со статистички податоци, за бројот на објавени одлуки и посетеност на истиот, за 2025 година, како материјал за информирање.

**Точка 40**

Владата ги разгледа конечните извештаи за извршена ревизија на финансиски извештаи и ревизија на усогласеност за 2024 година на Министерството за економија и труд Сметка на основен буџет (631) и Сметка на основен буџет (637), како материјал за информирање.

Истовремено, се задолжуваат Министерството за економија и труд и Министерството за енергетика, рударство и минерални суровини, да подготват акциски план со точно утврдени активности, одговорни лица и рокови за имплементација на препораките од Државниот завод за ревизија и во рок од 30 дена да ги достават до Владата и до Државниот завод за ревизија.

**Точка 41**

Владата го разгледа Конечниот извештај за извршена ревизија на успешност на тема „Урбанистичкото планирање на зелената инфраструктура во градовите“, како материјал за информирање.

Истовремено, Владата ги задолжи Министерството за животна средина и просторно планирање, Министерството за транспорт, Агенцијата за планирање на просторот, а им препорача на Градот Скопје и општините Битола, Гевгелија, Кавадарци, Куманово, Прилеп, Струмица, Штип, Тетово и Охрид, да подготват акциски план со точно утврдени активности, одговорни лица и рокови за имплементација на препораките од Државниот завод за ревизија и во рок од 30 дена да го достават до Владата и до Државниот завод за ревизија.

## Точка 42

Владата ја разгледа Информацијата за работење на Друштвото Нафтовод ДООЕЛ Скопје, во првото тримесечје на деловната 2025 година, како материјал за информирање.

## Точка 43

1. Владата го отповика Боро Велигденов од должноста член на Надзорниот одбор на Акционерското друштво за поштенски сообраќај „Пошта на Северна Македонија“ во државна сопственост – Скопје.

1.1 Владата го избра Владимир Спиров, претставник на синдикатот за член на Надзорниот одбор на Акционерското друштво за поштенски сообраќај „Пошта на Северна Македонија“ во државна сопственост – Скопје.

2. Владата ја разреши Весна Стоименовска Атанасов од должноста член на Управниот одбор на Јавното претпријатие Службен весник на Република Северна Македонија, поради постоење на состојба на судир на интереси.

2.1 Владата ја именува Елисавета Јаневска за член на Управниот одбор на Јавното претпријатие Службен весник на Република Северна Македонија, од редот на вработените, на предлог на Советот на вработените.

3. Владата ја разреши Татјана Синадиновска од должноста претседател на Управниот одбор на Агенција за филм на Република Северна Македонија, на нејзино барање.

3.1 Владата ја именува Ирена Маркоска за претседател на Управниот одбор на Агенција за филм на Република Северна Македонија.

4. Владата ја разреши Дивна Јованова од должноста член на Управниот одбор на ЈУ Меѓуопштински центар за социјална работа Неготино, стручен соработник од центарот за социјална работа, на нејзино барање, поради постоење на состојба на судир на интереси.

5. Владата ја именува Филимена Жабева за член на Управниот одбор – претставник на основачот на ЈУ Меѓуопштински центар за социјална работа Велес.

5.1 Владата за членови на органот за надзор на ЈУ Меѓуопштински центар за социјална работа Велес ги именува:

-Сања Самаркова и
-Анета Спасева

6. Владата го разреши Сашо Поп Илиоски од должноста член на органот за надзор на ЈУ Детски дом „11 Октомври“, на негово барање.

6.1 Владата го именува Митко Сланинковски за член на органот за надзор на ЈУ Детски дом „11 Октомври“.

7. Владата го разреши Душан Трајков од должноста член на органот за надзор на ЈУ Специјален завод - Демир Капија.

7.1 Владата за членови на органот за надзор на ЈУ Специјален завод - Демир Капија ги именува:

-Роска Паланкова и
-Даниела Трајкова

8. Владата го разреши Тони Петровски од должноста член на Управниот одбор на ЈП за одржување и заштита на магистралните и регионалните патишта – Скопје ц.о.

8.1 Владата го разреши Беќат Бакији од должноста член на Надзорниот одбор ЈП за одржување и заштита на магистралните и регионалните патишта – Скопје ц.о., на негово барање, поради постоење на судир на интереси.

9. Владата го разреши Александар Давчев од должноста член на Управниот одбор – претставник на основачот на ЈЗУ Здравстен дом – „Примариус д-р Ѓорѓи Гаврилски“ – Свети Николе, на негово барање, поради постоење на судир на интереси.

10. Владата го разреши Игор Китаноски од должноста член на Управниот одбор на Фондот на пензиското и инвалидското осигурување на Северна Македонија ц.о. Скопје, претставник на репрезентативниот синдикат, член на Економско – социјалниот совет.

10.1 Владата го именува Благоја Ралповски од Конфедерација на слободни синдикати на Македонија за член на Управниот одбор на Фондот на пензиското и инвалидското осигурување на Северна Македонија ц.о. Скопје, претставник на репрезентативниот синдикат, член на Економско – социјалниот совет.

11. Владата донесе Решение за формирање на Комисија за селекција за избор на 1 (еден) член на Управниот одбор на ЈП за одржување и заштита на магистралните и регионалните патишта – Скопје ц.о. во следниот состав:

-Благоја Ташаминов- претседател
-Анета Стојановска- заменик претседател

од редот на вработените во Канцеларијата на Претседателот на Владата на Република Северна Македонија

-Марија Апостолова Николовска- член
-Дејан Герасимовски - заменик член

од Секторот за човечки ресурси во Генералниот секретаријат на Владата на Република Северна Македонија

-Надица Апостоловска - член
-Даниела Ѓоргиевска Костадиновска-заменик член

од редот на вработените во Генералниот секретаријат на Владата на Република Северна Македонија

-Шиќири Коруми - член
-Љупчо Камчев - заменик член

од редот на вработените во ЈП за одржување и заштита на магистралните и регионалните патишта – Скопје ц.о.

-Перо Ристоски - член
-Мимоза Бела - заменик член

12. Владата донесе Решение за формирање на Комисија за селекција за избор на 1 (еден) член на Надзорен одбор за контрола на материјално – финансиското работење ЈП за одржување и заштита на магистралните и регионалните патишта – Скопје ц.о. во следниот состав:

-Благоја Ташаминов- претседател
-Анета Стојановска- заменик претседател

од редот на вработените во Канцеларијата на Претседателот на Владата на Република Северна Македонија

-Марија Апостолова Николовска- член
-Дејан Герасимовски - заменик член

од Секторот за човечки ресурси во Генералниот секретаријат на Владата на Република Северна Македонија

-Надица Апостоловска - член
- Даниела Ѓоргиевска Костадиновска-заменик член

од редот на вработените во Генералниот секретаријат на Владата на Република Северна Македонија

-Шиќири Коруми - член
-Љупчо Камчев - заменик член

од редот на вработените во ЈП за одржување и заштита на магистралните и регионалните патишта – Скопје ц.о.

-Перо Ристоски - член
-Мимоза Бела - заменик член

13. Владата го задолжи Генералниот секретаријат на Владата на Република Северна Македонија да објави јавен оглас во три дневни весници кои се издаваат на целата територија на Република Северна Македонија, од кои еден од весниците кој се издава на јазикот што го зборуваат најмалку 20% од граѓаните кои зборуваат службен јазик различен од македонскиот јазик за именување на директор на Државниот инспекторат за транспорт.

14. Владата на предлог на генералниот секретар на Владата на Република Северна Македонија, на веб - страницата на Владата на Република Северна Македонија и на веб - страницата на јавното претпријатие, да објави јавен повик за пројавување на интерес за пријавување на кандидати за избор на еден член на Управниот одбор на ЈП за одржување

и заштита на магистралните и регионалните патишта – Скопје ц.о. и за избор на еден член на Надзорниот одбор за контрола на материјално – финансиското работење на ЈП за одржување и заштита на магистралните и регионалните патишта – Скопје ц.о.

15. Владата заклучи да му препорача на Собранието на Македонски Телеком, Акционерско друштво за електронски комуникации – Скопје, да ја констатира оставката на Иван Митровски од должноста неизвршен член на Одборот на директори на Македонски Телеком, Акционерско друштво за електронски комуникации – Скопје.

16. Владата заклучи да му предложи на Собранието на Македонски Телеком, Акционерско друштво за електронски комуникации – Скопје, за неизвршен член на Одборот на директори на Македонски Телеком, Акционерско друштво за електронски комуникации – Скопје да го избере Александар Стоилевски.

Истовремено, Владата заклучи за доставениот предлог за избор на Александар Стоилевски за неизвршен член на Одборот на директори на Македонски Телеком, Акционерско друштво за електронски комуникации – Скопје, да ја извести и овласти Ружица Николовска полномошник на Владата на Република Северна Македонија, која ќе присуствува на седница на Собранието на акционери на Македонски Телеком, Акционерско друштво за електронски комуникации – Скопје.

17. Владата го задолжи Генералниот секретаријат на Владата на Република Северна Македонија да објави јавен оглас во три дневни весници кои се издаваат на целата територија на Република Северна Македонија, од кои еден од весниците кој се издава на јазикот што го зборуваат најмалку 20% од граѓаните кои зборуваат службен јазик различен од македонскиот јазик за именување на директор на Агенцијата за финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој.

**Точка 44**

**1.** Владата по повод одбележувањето на 4 февруари – денот на раѓањето на македонскиот револуционер Гоце Делчев, ги донесе следните заклучоци:

1) Се определува Делегација во следниот состав:
- проф. д-р Христијан Мицкоски, претседател на Владата на Република Северна Македонија,
- Зоран Љутков, министер за култура и туризам и
- проф. д-р Весна Јаневска, министер за образование и наука,
која да присуствува на положување цвеќе, на 4 февруари 2026 година, во 10:45 часот на гробот на македонскиот револуционер Гоце Делчев, во црквата Свети Спас, во Скопје.

2) Се задолжува Службата за општи и заеднички работи на Владата на Република Северна Македонија да обезбеди потребна опрема (цветно уредување, столбчиња и јажиња), како и превоз за опремата за потребите на настанот.

3) Се задолжува Службата за општи и заеднички работи на Владата на Република Северна Македонија, да обезбеди венци за свеченото положување на цвеќе и превоз за Делегацијата и протоколот.

4) Се задолжува Министерството за одбрана - Генералштаб на Армијата на Република Северна Македонија во соработка со Службата за општи и заеднички работи на Владата на Република Северна Македонија да обезбеди доволен број на гардисти и фанфаристи, како и опрема за положување на цвеќе (две знамиња, венци, шест држачи за венци, црвена патека и друго).

5) Се задолжува Министерството за внатрешни работи да ги преземе сите активности, согласно своите надлежности, за да го обезбеди настанот на локацијата на која ќе се чествува годишнината.

6) Се задолжува Министерството за здравство да обезбеди едно амбулантно возило со медицински тим, на 4 февруари 2026 година, во црквата Свети Спас во Скопје, од 9 часот.

7) Се препорачува на Град Скопје да обезбеди едно противпожарно возило на 4 февруари 2026 година, во црквата Свети Спас, во Скопје, од 9 часот.

8) Се задолжува НУ Национална опера и балет да обезбеди еден изведувач на државната химна, на 4 февруари 2026 година, во црквата Свети Спас, во Скопје, со почеток од 10:45 часот.

9) Се задолжува Генералниот секретаријат на Владата на Република Северна Македонија, да ги покрие трошоците за одбележувањето на настанот.

10) Се укажува на Јавното радиодифузно претпријатие Македонска - радио телевизија, на 4 февруари 2026 година, да врши директен пренос од одбележувањето на денот на раѓањето на македонскиот револуционер Гоце Делчев, според саатници и сценарио, кое ќе им биде доставено од соодветните кабинети.

**2.** Министерот за јавна администрација, Горан Минчев, ги информираше членовите на Владата за обврската на Министерството за јавна администрација за исплата на средства за апанажа на членови на Инспекцискиот совет, согласно донесените решенија на Сто четириесет и шестата седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 27 јануари 2026 година, за што во буџетот на Министерството за јавна администрација нема предвидени средства за оваа намена.

По тој повод, Владата ги задолжи Министерството за јавна администрација и Министерството за финансии да ги разгледаат можностите за надминување на ова прашање.

**3.** Владата го разгледа Известувањето во врска со поставување на заштитна ограда за обезбедување на карпа во пределот до хотел и ресторан Кањон Матка, го прифати Известувањето и ја задолжи Дирекцијата за заштита и спасување, веднаш да изврши увид на терен и да направи анализа на настанатата ситуација и на наредната седница на Владата да достави информација и предлози за решавање на истата.

На седницата на Владата да присуствува и директорот на Дирекцијата за заштита и спасување.

**Точка 45**

Владата ја разгледа Информацијата за Стратегија за изменување и дополнување на Националната стратегија за земјоделството и руралниот развој за периодот 2021 -2027 година, со Предлог – стратегија, ја усвои Информацијата и ја донесе Стратегијата за изменување и дополнување на Националната стратегија за земјоделството и руралниот развој за периодот 2021 -2027 година (усогласена со Министерството за финансии и Секретаријатот за законодавство).

**Точка 46**

Владата ја разгледа Информацијата за формирање на Колегиум на директори на државни инспекторати, ја усвои Информацијата и заклучи Министерството за јавна администрација да подготви и да достави Предлог-одлука за формирање на Колегиум на директори на

државни инспекторати, претходно усогласена со Секретаријатот за законодавство, која да се смета за донесена на оваа седница на Владата.

**Точка 47**

Владата повторно ја разгледа Предлог-уредбата за поблиските критериуми за остварување на правото на додаток на плата и за начинот на утврдување на висината на додатокот на плата за ЕУ и ИПА структурите и ја донесе Уредбата за поблиските критериуми за остварување на правото на додаток на плата и за начинот на утврдување на висината на додатокот на плата за ЕУ и ИПА структурите (усогласена со Секретаријатот за законодавство и Министерството за финансии).

**Точка 48**

Владата ја разгледа Информацијата за потребата од потпишување на Спогодба помеѓу Владата на Република Северна Македонија и Владата на Француската Република која се однесува на француските воени гробници и воени комеморативни споменици во Република Северна Македонија, со текст на Спогодба и ја усвои со следните заклучоци:

1. Се задолжуваат Министерството за социјална политика, демографија и млади, Министерството за култура и туризам, Министерството за транспорт, Министерството за економија и труд, Министерството за финансии, Министерството за внатрешни работи и Министерството за животна средина и просторно планирање, во рок од седум дена, да извршат консултации со органите во состав на министерствата, како и со други органи кои имаат надлежност во делокругот на проблематиката опфатена со Предлог – текстот на Спогодбата помеѓу Владата на Република Северна Македонија и Владата на Француската Република, која се однесува на француските воени гробници и воени комеморативни споменици во Република Северна Македонија (локални музејски и конзерваторски установи и слично).

2. Се задолжуваат Министерството за социјална политика, демографија и млади, Министерството за култура и туризам, Министерството за транспорт, Министерството за економија и труд, Министерството за финансии, Министерството за внатрешни работи и Министерството за животна средина и просторно планирање, во рок од десет дена, да се изјаснат за потребата од потпишување на Спогодбата помеѓу Владата на Република Северна Македонија и Владата на Француската Република, која се однесува на француските воени гробници и воени комеморативни споменици во Република Северна Македонија и до Министерството за надворешни работи и надворешна трговија да достават мислења и сугестии по Предлог – текстот на Спогодбата помеѓу Владата на Република Северна Македонија и Владата на Француската Република, која се однесува на француските воени гробници и воени комеморативни споменици во Република Северна Македонија.

3. Се задолжува Министерството за локална самоуправа, во рок од десет дена, во консултација со општините Центар, Битола и Чашка, на чија територија се наоѓаат француските воени гробишта, до Министерството за надворешни работи и надворешна трговија, да достави мислење и сугестии по Предлог – текстот на Спогодбата помеѓу Владата на Република Северна Македонија и Владата на Француската Република, која се однесува на француските воени гробници и воени комеморативни споменици во Република Северна Македонија.

*

*　　*

На седницата се водени стенографски белешки.

Седницата заврши во 13:45 часот.